**АВТОРСКА ИЗЈАВА**

Долу потпишаниот,
**Име**……………………………………….
**Презиме.........................................................Адреса..............................................................**
**..........................................................................................................................................**
**Место и датум на раѓање......................................................................................Името на мајката**…………………………………………Идентификационен број……………………………....................**Државјанство**
како сопственик со целосно право на уметничкото дело, фотографија (понатаму „Дело“) (идентификувајте го)......................................... ја давам следнава изјава (понатаму „Изјава“) во доленаведеното време и место , која изјава може да се смета како неотповиклива еднострана изјава според следната дефиница:
Декларирам дека се запознав, и ги прифаќам правилата на конкурсот по име „Фото натпревар за деценијата на интеграцијата на ромите“ организиран од страна на Open Society Institute (понатамау OSI) и Open Society Archives (понатаму OSA). Понатаму декларирам дека ми е позната намерата на OSI и на OSA дека горенаведеното Дело со кое јас кандидирав на конкурсот ќе го изложи, публицира, во вид на книга издади и на друг начини ќе го користи.
На овој начим и декларирам, и гарантирам на третата страна која стекна право за употреба на Делото, лиценса или полномоштво во согласност со оваа изјава дека Делото е моја независна своја оригинална индивидуална творечка сопственост, и дека трета страна не поседува такви законски права, повод или интерес со кои според оваа изјава се спречуваат или ограничуваат практикувањето на правата на третата страна или изнајмувачот на лиценсата кој ги стекна истите преку OSI или OSA или правата, лиценсите или овластувањата на OSI или OSA стекнати исто на основа на оваа изјава. Согласно со тоа се обврзувам дека ќе ги компенсирам и непрекинато ќе им ги надоместам на OSI или OSA или согласно изјавата претставниците на третата страна или изнајмувачите на лиценсата за сите барања спрема нив кои се појавуваат и потекнуваат врз основа на употребата на Делото од страна на OSI или нивните полномоштени или изнајмувачи на лиценсата, ако тие барања станат оправдани или врз основа на таканаречени авторски економски или етички права или право на сопственост или на индивидуални /етички права.

Со оваа декларирам и гарантирам дека Делото пред кандидирање на конкурсот не било публицирано никаде.
Се обврзувам дека ќе го стекнам согласието на личностите кои ги сликав или на друг начин ги илустрирав, освен ако поради условите докажано немам можност за тоа. Согласно со тоа се обврзувам дека ќе ги компенсирам и непрекинато ќе им ги надоместам на OSI или OSA или согласно изјавата претставниците на третата страна или изнајмувачите на лиценсата за сите барања спрема нив кои се појавуваат и потекнуваат врз основа на прекршување на моите горенаведени обврски. Во ваквите случаи се обврзувам да ги направам сите потребни чекори со цел да ги добијам согласието на моделите од фотографиите.
Со потпишувањето на оваа изјава ги овластувам OSI и OSA со понатамошна неотповикливо право на лиценца да го користат Делото без временско, територијално или количинско ограничување за нонпрофитни цели, но истовремено ограничувајќи го со тоа дека Делото можат да го користат исклучително за целите и во рамките на конкурсот имајќи ги предвид следниве права:
- правото за репродукција на комплетното Дело или негови детали на некој дигитален или аналог медиум на податоци, засекогаш или привремено, директно или индиректно, вклучувајќи го и правото за снимање аудио или видео снимки, и правото за публицирање во каталози, флајери, други можни промоциски публикации, печатни или електронски медиуми, коллекции на дела, бази на податоци или мулти медиски средства. - правото за дистрибуција на Делото или нивните репородукции на медиуми на податоци, или медуми, дигитално или аналогно, вклучувајќи но не ограничувајќи дистрибуцијата на делото на некое аудио или видео инструменти, во каталози, флајери и други промоциски публикации и, во штампаниот или електронскиот печат и медиуми, во колекции на дела, бази на податоци и, на мултимедиски средства, и прикажувањето на било кој вид на аналогни или дигитални сретсва;- правото за

јавната комуникација на делото по пат на некои технички можности, вклучувајќи ги аналогното или дигиталното сателитско традиционално емитување, или кабловско пренесување на податоци , и по потреба јавното комуницирање преку компјутерски мрежи (на пр. Интернет), или преку други сретства на телекомоникацијата вклучувајќи редистрибуцијата на делото или преку кабел или емитување преку IP TV системи; - правото на изложување на Делото, вклучувајќи прикажувањето на репродуцираните копии преку аналогни или дигитални медиуми, телевизиски екрани, пројектори или терминали.
Со оваа декларирам дека ги овластувам OSI и OSA со понатамошно неотповикливо право на лиценца која може да се дади во наем, да го комуницира делото на јавноста на било кој технички начин преку рамките на конкурсот, стриктно со нонпрофитни цели без понатамошни ограничувањаа, вклучувајќи ги аналогното или дигиталното сателитско и традиционално емитување или кабловското пренесување на податоци , понатаму по барање јавното комуницирање преку компјутерски (Интернет), или преку други мрежи вклучувајќи емитувањето на редистрибуцијата преку кабел или емитување преку IP TV системи;
Со оваа декларирам дека употребите кои не се вклучени во оваа Изјава на Делото претставуваат предмет на посебен договор.
Во интерес соодветно да стапи во сила оваа изјава се обврзувам да ги дадам сите оние декларации усно или писмено, по барање и на сметка на OSI и OSA кои ќе бидат потребни за важење и стапување во сила на целата содржина на Изјавата според законите на таа држава каде што делото ќе се користи.
Со оваа изјавувам дека го резервирам правото за прикажување на моето име на Делото, и во врска со Делото.
Со оваа конечно и неоткажливо ги овластувам OSI и OSA да ги чува и употерби моите податоци во својот регистар и да може да ги користи според условите на конкурсот во договорениот рок, а тоа е: а) во текот на излагање на фотографиите, вклучително и на победничките фотографии; и б) во фиксен временски период од три години. Може да им се дозволи на Архивот на OSI и/или OSA да ги открие моите податоци на трети лица врз база на поединечен случај само со моја претходна согласност или со согласност на мојот прв застапник.

Прифаќам дека мојата пријава на конкурсот делува од моментот на врачувањето на испринтаната форма на Изјавата потпишана од мене, од страна на двајца сведоци, кај OSI (H-1051 Budapest, 12 Október 6. utca, Hungary), од еден од моите родители или од правен застапник (ако сум малолетен/на во согласност со законодавството на мојата земја) и од два сведока. Свесен/на сум дека оваа изјава треба да биде отпечатена и дека треба да ја потпишам во согласност со горенаведеното и да ја испратам по пошта на OSI (H-1051 Budapest, 12 October 6 utca, Hungary) или по факс на +3613273260
Со оваа го прифаќам Унгарското закомнодавство како нормативно право при преведувањето на Изјавата и во поглед на правата на лиценсата дадени по Изјавава. Во случај на правни расправи кои не можат да се решат на мирен пат ја прифаќам ексклузивната правна надлежност на Градскиот суд на Будимпешта.

Оваа изјава ја потпишавме во согласност со нашата слободна волја и ја прифаќам со сите поединости.

Во случај ако според законите во мојата земја сум малолетен/на и не можам врз себе да ги преземам законските обврски, со ова потврдувам дека моите родители или правните застапници се согласни со моето учество на конкурсот и дека се согласуваат со оваа Изјава дадена во печатена форма.

.**Место:** …………………………………..
**Датум:** …………… ………………, 2007

**Автор:**___________________________________

___________________________________________________________________________________________

Јас сум родител или правен застапник на малолетното лице чиј потпис е тука поднесен и со ова ја давам својата согласност тоа лице да учествува на конкурсот. Исто така ги поднесувам сите лични податоци кои се бараат од конкурсот за потребите на неговата или нејзината изјава.

**Место**____________________________________
**Датум**____________________________________

**Родител:**

___________________________________

**Сведок:**___________________________________________

**Сведок:**___________________________________________